АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19.11.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0 | 6609 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 19 до 25 октомври 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 ноември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално - инструментална; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, емитуван од 19 до 25 октомври 2015 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 92 став 6 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори. Во анализираната недела емитуваше 10 часа 13 минути и 31 секунда музика;
- Ја почитува и обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика во текот на неделата, 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 6 часа 33 минути и 53 секунди, а забавната музика со 3 часа 39 минути и 38 секунди;
- Не ги почитува доследно одредбите од став 6 на член 92. Имено, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, емитуваше најмалку половина од неделната обврска за музика (најмалку 4 часа), односно емитуваше вкупно 4 часа 55 минути и 19 секунди музика, но не беше испочитувана обврската за процентуална распределба на музиката на народна и забавна (најмалку 2 часа народна и најмалку 2 часа забавна музика). Во овој временски интервал беа емитувани 1 час 16 минути и 26 секунди забавна музика и 3 часа 38 минути и 53 секунди народна музика. Со дозволеното отстапување од 5% во однос на распределбата на забавната и народната музика, утврдено во член 92 став 4 од Законот, а разработено во член 9 став 2 од Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма, отстапувањето во распределбата меѓу народната и забавната музика може да биде 12 минути. На програмскиот сервис ТРД Телевизија Ситeл е констатирано поголемо отстапување во однос на застапеноста на забавната музика. Со дозволеното отстапување таа може да биде застапена со 1 час и 48 минути, а е застапена со 1 час 16 минути и 26 секунди.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје, во неделата од 19 до 25 октомври 2015 година, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, не обезбеди соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво - Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот

определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*